„Аллах нема да погледне во оној што од горделивост ја влече својата облека по земјата.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллах нема да погледне во оној што од горделивост ја влече својата облека по земјата.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил од спуштање на облеката или изарот под глуждовите од надменост и самобендисаност, и појаснил дека оној што го прави тоа – заслужува тешка закана, а тоа е дека Аллах нема да го погледне на Судниот ден со поглед на милост.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5370